23.02.22

СПИ - 2 / 2022

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS | KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT | ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЛЬУДСКА ПРАВА | ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА | HELSİNKİ İNSAN HAKLARI KOMITESI | COMITET DI HELSINKI TI ANDREPTULU AL OAMINJLJI | HELSINGESKORO KOMITETI BAŠE MANUŠIKANE NIJAMIA

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Бр. 03-103
22.02.2022 год.

**До:**

Основен суд Крушево

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Основен суд Крушево ги бараме следниве информации од јавен карактер, кои се однесуваат на периодот **2018-2021 година**:

1. **Колку предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се поднесени до судот во периодот 2018-2021 година? Ве молам податоците доставете ги разделени по години, вид на привремена мерка, пол/род на сторител и пол/род на жртва.**

2. **Колку решенија за изрекување на привремени мерки за заштита се изречени во случаи на семејно насилство во периодот 2018-2021 година? Ве молам податоците доставете ги разделени по години, вид на привремена мерка, пол/род на сторител и пол/род на жртва.**

3. **Во периодот 2021 година колку тужби се поднесени до вашиот суд кои се однесуваат на утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство? Ве молам податоците доставете ги разделени по форми на насилство заради кои се бара утврдување на повреда на принципот на должно внимание.**

4. **Во периодот 2021 година колку пресуди се донесени за утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство? Ве молам податоците доставете ги разделени по форми на насилство заради кои се бара утврдување на повреда на принципот на должно внимание.**

5. **Во периодот 2018-2021 година колку тужби за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно член 87 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се поднесени до вашиот суд?**

6. **Во периодот 2018-2021  2021 година колку пресуди за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно член 87 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се донесени во вашиот суд?**

7. **Во периодот 2018-2021 година, колку предлози за процесирање на кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство се поднесени до Судот? Ве молам наведете број на предлози за процесирање на кривичните дела разделени по години, членови од КЗ, жртви и сторители. (член 123, 125, 130, 131, 139, 140, 144, 189, 191 од КЗ)**

8. **Во периодот 2018-2021 година, колку пресуди за кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство се донесени од страна на Судот? Ве молам наведете број на пресуди за кривични дела разделени по години, членови од КЗ,  сторител и жртва. (член 123, 125, 130, 131, 139, 140, 144, 189, 191 од КЗ)**

Форма во која се бара информацијата:

а) увид

б) препис

в) фотокопија

**г) електронски запис**

д) друго-----------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:

**а) по пошта**

б) телефон

в) факс

**г) е-маил**

д) друго-----------------------------------------------------------------------

**Барател на информацијата**: Здружение Хелсиншки комитет за човекови права, ул Наум Наумовски Борче 83, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 3119 073, фах.+389 (0)2 3290 469, e-mail: helkom@mhc.org.mk.

**Застапник/полномошник на барателот на информацијата:** Уранија Пировска – Извршна директорка

Со почит,

Изработила:
Т.К.

Хелсиншки комитет за човекови права

Скопје,
21.02.2022г.

Извршна директорка
Уранија Пировска

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА - СКОПЈЕ

ОСНОВЕН СУД
КРУШЕВО
СПИ-2/22

До
Хелсиншки комитет за човекови права

Скопје

ЗАПИСНИК
од 30.03.2022 год.

Врз основа на чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашето барање од 23.02.2022 год, имателот на бараната информација од јавен карактер Основен суд –Крушево ја дава следната информација од јавен карактер:

1. Во 2018 год. во овој суд е поднесен 1 предлог за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и тоа: сторител-маж, жртва-жена(сопруга), мерки-задолжително лекување и забрана за малтретирање и вознемирување.

   -Во 2019 год. се поднесени 2 предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и тоа:
   -1 предлог: сторител-маж, жртви-2 жени (мајка и сестра), мерки- забрана да се заканува и забрана да малтретира.
   -2 предлог: сторител-маж, жртва-жена(мајка), мерки-забрана за закана и забрана за малтретирање и комуникација со семејство.

   -Во 2020 год. се поднесени 3 предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и тоа:
   -1 предлог: сторител-маж, жртва-жена(мајка), мерка-отстранување од домот.
   -2 предлог:сторител-маж, жртва-жена( партнерка), нема изречена мерка зашто предлогот е повлечен.
   -3 предлог: сторител-маж, жртва-жена (мајка), мерки-задолжителна психо-социјална интервенција –советувалиште.

   -Во 2021 год. се поднесени 3 предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и тоа:
   -1 предлог: сторител-маж, жртви-2 жени (мајка и сопруга) и 1 маж( син), мерки-задолжително лекување, забрана за малтретирање и забрана за заканување.
   -2 предлог: сторител –маж, жртва-жена(мајка), мерки- отстранување од домот и задолжително лекување.
   -3 предлог:сторител-маж, жртва-жена(партнерка), мерки-забрана да се приближува и забрана да ја малтретира и вознемирува.

2. За периодот од 2018 -2021 год. се изречени 8 решенија за изречени

привремени мерки за заштита од семејно насилство, со оглед да 1 предлог во 2020 год. е повлечен.

3. /

4. /

5. /

6. /

7. - Во 2018 год. во овој суд се поднесени 3 кривични тужби поврзани со семејно насилство и тоа:

-3 тужби по чл.130 ст.1 од КЗ: сторители во кои сторители- 3 мажи, жртви-2 мажи и 1 жена.

- Во 2019 год. 4 кривични тужби, од кои 3 по чл.130 ст.1 од КЗ а 1 тужба по чл.130 ст.2 од КЗ во кои сторители-3 мажи, жртви-2 мажи.

- Во 2020 год. 1 кривична тужба по чл.130 ст.3 од КЗ во која сторител- 1 маж, жртва-1 маж.

- Во 2021 год. 5 кривични тужби по чл.130 ст.1 од КЗ во кои сторители- 6 мажи, жртви- 6 мажи.

За периодот од 2018 -2021 год. се донесени 12 кривични пресуди поврзани со семејно насилство од кои:

–во 2018 год. 3 пресуди по чл.130 ст.1 од КЗ.

-во 2019 год. 2 пресуди по чл.130 ст.1 од КЗ, 1 пресуда по чл.130 ст.2 од КЗ, а по една тужба по чл.130 ст.1 не е донесена одлука бидејќи е повлечена.

-во 2020 год. 1 пресуда по чл.130 ст.3 од КЗ.

-во 2021 год. 5 пресуди по чл.130 ст.1 од КЗ.

Со почит,

30.03.2022 год.

Иматeл на информација,
ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОСНОВЕН СУД - КРУШЕВО · GJYKATA THEMELORE - KRUSHEVË · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT